Архивски број: 08-364/8
18.07.2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-364/1 од 19.05.2023 година поднесена од [redacted] од Кочани, против [redacted] Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Штип, за сторена дискриминација врз основ на пол, род, семејна и брачна состојба во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27, став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија, бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 18.07.2023 година го донесе следново:

## М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на пол, род, семејна и брачна состојба во областа на правосудство и управа од страна на [redacted] Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Штип, кон [redacted]

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-364/1 од 19.05.2023 година, од подносителот, [redacted] од Кочани, против [redacted] на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Штип (во понатамошниот текст: ЈУМЦСР Штип), за сторена дискриминација врз основ на пол, род, семејна и брачна состојба во областа на правосудство и управа.

[redacted] е родител на три годишно дете, [redacted] која по развод е доделена на делумно чување и воспитување на нејзината мајка [redacted] од Штип, додека со таткото има редовни, непречени и непосредни контакти за викенди, празници, одмори и престои со преспивање.

Во претставката, подносителот, истакнува дека тој не дал согласност за издавање на патна исправа за неговото дете, затоа што постои опасност детето да биде изнесено неповратно од државата од страна на неговата мајка која има бугарски пасош и против која подносителот води неколку кривични постапки.

На 03.05.2023 година, ЈУМЦСР Штип постапувајќи по барање бр. 08-403/1 од СВР-ОУР Штип, носи Решение бр. 08-403/9 со кое дава согласност во име на таткото кој не е согласен за издавање на патна исправа за неговото дете.

Подносителот, наведува дека директорот на ЈУМЦСР Штип ја злоупотребил својата службена положба и овластување бидејќи тој како директор нема законски основ,

ниту ингеренции во име на таткото да дава или не согласност за патна исправа за дете. Подносителот, потенцира дека тој како рамноправен родител е дискриминиран врз основ на пол и род и е ставен во подредена состојба, бидејќи не постои установа која во негово име може да носи одлуки за неговото дете.

Комисијата на 16.06.2023 година испрати Барање за произнесување по наводи од претставка до ЈУМЦСР Штип, заведено под архивски бр. 08-364/4. Во Произнесувањето заведено под архивски бр. 08-364/5 од 29.06.2023 година, потенцијалниот дискриминатор, наведува дека на 10.04.2023 година до ЈУМЦСР Штип доставено е Барање од МВР СВР Штип – Оддел за граѓански работи – сектор за управни работи за издавање на согласност за вадење на лична патна исправа на детето [redacted] во име на таткото [redacted]. На 19.04.2023 година е одржан разговор со мајката на детето која дава изјава и наведува дека патната исправа исклучиво за туристички цели и дека патната исправа ќе му биде достапна, т.е. ќе ја дава и на таткото на детето доколку истиот има желба да оди заедно со детето за туристички цели надвор од државата. Додека на 03.05.2023 година, доставено е Писмо со изјава од таткото во која тој не дава согласност за на детето да му биде издадена патна исправа. Во неговата изјава тој дава образложение дека постојат индиции за иселување на мајката со детето надвор од државата.

Потенцијалниот дискриминатор, односно директорот и стручниот тим (социјален работник, педагог, психолог и правник) при ЈУМЦСР Штип, земајќи го во предвид горенаведеното и најдобриот интерес на детето, го носат конкретното Решение.

Во однос на наводите за злоупотреба на службената должност и несовесно работење, потенцијалниот дискриминатор истакнува дека целата постапка за издавање согласност е во согласност со законските прописи.

Дополнително, во Произнесувањето е наведено дека [redacted] поднел Барање за увид во документација по оваа постапка, за кое е уредно поканет, но не се јавил на закажаната средба. По негова иницијатива до Државен управен инспекторат е побарана достава на списи од ЈУМЦСР Штип и на 19.06.2023 година доставен е Записник ИП 1 бр.09-701 од 06.06.2023 година каде е констатирано дека не се утврдени неправилности во работењето. Следствено од страна на [redacted] поднесена е Жалба преку Министерство за труд и социјална политика, која е одбиена како неоснована и Кривична пријава до Основно јавно обвинителство за злоупотреба на службена должност и несовесно работење.

На 29.06.2023 година, Комисијата достави до ЈУМЦСР Штип Барање за доставување на дополнителни докази заведено под архивски бр. 08-364/6, во кое беше побарано да биде доставен писмен акт во кој е наведено од страна на мајката дека патната исправа на детето е исклучиво потребна заради туристички цели, како и горенаведениот Записник на Државен управен инспекторат. УМЦСР Штип, на 30.06.2023 година до Комисијата ги достави побараните документи, заверени под архивски бр. 08-364/7. Од горенаведениот Записник на Државен управен инспекторат и Записникот бр. 08-403

на ЈУМЦСР Штип кој содржи изјава на мајката на детето, се потврдуваат наводите изнесени во Произнесувањето.

При разгледување на наводите од претставката, произнесувањето и доказите, Комисијата утврди дека директорот на ЈУМЦСР Штип постапил согласно неговите надлежности и позитивната законската регулатива на Република Северна Македонија.

Во Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ бр. 67/1992; 20/2003; 46/2004; 19/2007; 84/2008; 51/2011; 135/2011; 106/2014; 154/2015; 55/2016; 302/ 2020; 122/2021; 67/2022; 65/2023) член 30-а е предвидено дека:
*„(1) Кога родителското право го врши еден од родителите, барањето за издавање на патна исправа или виза за лице помладо од 18 години го поднесува родителот на кого лицето му е доверено на чување и воспитување, со согласност и од другиот родител.*
*(2) Ако другиот родител на лицето од ставот 1 на овој член се противи на издавањето на патната исправа или виза, органот надлежен за издавање на патни исправи и визи постапува во согласност со Законот за семејството."*

Согласно член 76 од Законот за семејството, (Сл. Весник на РСМ бр. 80/1992 ; 9/1996; 19/2000; 18/2001; 79/2001; 38/2004; 60/2005; 33/2006; 84/2008; 117/2009; 67/2010; 156/2010; 39/2012; 44/2012; 38/2014; 115/2014; 138/2014; 104/2015; 150/2015; 122/2018; 51/2021; 53/2021) *„родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено. Во случај на несогласување на родителите во вршењето на родителското право решава центарот за социјална работа."* Дополнително, во членот 82 од истиот Закон се нагласува дека: *„по поништувањето или разводот на бракот, во однос на вршењето на родителското право и уредувањето на личните односи и непосредни контакти со децата на родителот кај кого не се децата, центарот ги има истите овластувања како и кога родителите се во брак."*

Значајно е да се истакне дека постапката за согласност за патна исправа и постапката за согласност иселување на дете се две независни постапки. Во случај на иселување на детето доколку нема согласност од едниот родител одлучува ЦСР, при што се врши продлабочена проценка на сите околности и услови во кои детето би живеело во другата држава и начинот на одржување на контактите и комуникација со родителот и семејство кое останува во државата. Во случај на незаконско задржување или одведување/грабнување на детето вон држава во која претходно живеело се постапува согласно Конвенција за граѓанско - правните аспекти за меѓународно грабнување на деца, која е ратификувана од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 27.09.1991 година.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата утврди дека конкретниот случај не може да се квалификува како дискриминација, односно не е исполнета законската

дефиниција за дискриминација содржана во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

За да постои дискриминација првенствено треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која едно лице или група на лица е во нееднаков третман или кон него или нив се постапувало, се постапува или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно надлежностите утврдени согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, од горе изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Скопје
18.07.2023

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]
- ЈУМ Центар за социјална работа Штип, со седиште на ул. „Партизанска" бр.30а, 2000 Штип
- Архива